**Royal Commission**
**into Aged Care Quality and Safety**

MACEDONIAN

## Кралска комисија за испитување на квалитетот и безбедноста на старосна нега (The Royal Commission into Aged Care Quality and Safety)

Кралската комисија за испитување на  квалитетот и безбедноста на старосна нега е воведена да го проверува квалитетот на услугите за старосна нега и дали тие услуги ги задоволуваат потребите на австралиската заедница. Ова вклучува:

- нега за постари луѓе кои што живеат во својот дом,
- луѓе кои што имаат деменција, и
- луѓе кои што живеат во старечки дом вклучувајќи и помлади луѓе со попреченост.

Кралската комисија ќе ги разгледува услугите за старосна нега во градовите како и во регионалните и оддалечените места. Таа ќе разгледа како можат да се подобрат услугите за старосна нега во иднината.

Комисијата сака да чуе за вашите искуства, и добри и лоши. Исто така сака да ги добие вашите предлози за тоа како може да се подобри системот за старосна нега. Можете да ѝ го кажете на Комисијата вашето искуство преку:

- телефон на: 1800 960 711 (меѓу 8 ч. наутро и 8 ч. навечер според австралиското источно мерење на времето (AEDT) од понеделник до петок освен во државни празници). Можете да користите преведувачки услуги.
- писмо до: GPO Box 1151, Adelaide SA 5001 (ние ќе го преведеме вашето писмо)
- пополнување формулар на интернет страницата: https://agedcare.royalcommission.gov.au/submissions/Pages/default.aspx
- електронска пошта (e-mail) до: ACRCenquiries@royalcommission.gov.au

### Ако имате проблем со некоја услуга за старосна нега за кој е нужно итно дејство

Кралската комисија не може да решава поединечни спорови или жалби. Не може на доставувач на нега или на некое лице да им нареди да дејствуваат некако или да исплатат оштета. Меѓутоа, Комисијата за испитување на квалитетот и безбедноста на старосна нега можеби ќе може да помогне во оваа ситуација бидејќи таа е агенцијата за жалби во врска со услуги за старосна нега кои што ги субвенционира австралиската влада.

Ако сакате да поднесете жалба за квалитетот на услуги за старосна нега кои моментално ги прима некое лице, можете да ѝ се јавите на Комисијата за квалитет и безбедност на старосна нега на 1800 951 822 или да ја посетите интернет страницата: agedcarequality.gov.au. Можете да користите преведувачки услуги.